РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1270/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1701/1 од 03.06.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за избор на член на Управниот одбор на ЈЗУ ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-1701/1 од 03.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.06.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за избор на член на Управниот одбор на ЈЗУ /// и оформен е предмет број 12-1701/1 од 03.06.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за лажно декларирање на присуство на состанок на стручниот колегиум на ЈЗУ /// на кој бил извршен избор на нов член на Управниот одбор на ///. Имено, според изнесеното во пријавата, иако ///, раководител на /// при ЈЗУ /// не присуствувала на состанокот на стручниот колегиум на /// одржан на ден /// година на кој бил извршен избор на нов член на Управниот одбор, истата била потпишана на списокот за присуство на стручниот колегиум, со што, со лажно декларирање на своето присуство, правејќи прекршок и дисциплински престап, во услови на неповолна бројна состојба на присутни членови, наводно овозможила /// да биде избран за член на Управниот одбор на ///.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, а имајќи ги предвид одредбите од членот 295 од Законот за здравствената заштита, ДКСК до Министерството за здравство достави Барање за доставување податоци и информации, и побара Министерството да изврши надзор над законитоста на работата на ЈЗУ /// при изборот на /// за член на Управниот одбор на ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени од Министерството за здравство, утврдена е следната фактичка состојба:
По примено то Барање од ДКСК Министерството за здравство добило произнесување од ЈЗУ /// во кое тврдењето дека /// не присуствувала на стручниот колегиум одржан на ден /// година е квалификувано како неосновано, со образложение дека во списокот на присутни членови на колегиумот заверен под /// од нотар /// на /// година, /// е своерачно потпишана со што го потврдила присуството на состанокот. Дополнително, во произнесувањето на ЈЗУ /// е наведено дека на состанокот присуствувале 12 од вкупно 23 члена на стручниот колегиум кои согласно Статутот на /// можеле да одлучуваат.
Во одговорот на Министерството за здравство на Барањето на ДКСК не е содржана констатација за утврдени недостатоци односно неправилности при надзорот над законитоста на работата на ЈЗУ /// во постапката за избор на /// за член на Управниот одбор на ///. Истовремено, ДКСК цени дека информациите содржани во доставеното образложение не се достатни за целосно утврдување на фактичката состојба.

Со оглед на тоа што ДКСК нема други законски механизми за целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Следствено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК